Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), Министерство за транспорт и врски на ден_____________ година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО НАМЕНА ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА НА КП бр. 934, КП бр. 935/2 , КП бр. 935/3 и дел од КП бр.935/1, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА , кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО НАМЕНА ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА НА КП бр. 934, КП бр. 935/2 , КП бр. 935/3 и дел од КП бр.935/1, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА , се определуваат: општина Демир Капија, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски Телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО НАМЕНА ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА НА КП бр. 934, КП бр. 935/2 , КП бр. 935/3 и дел од КП бр.935/1, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: биогасните централи и површински соларни и фотоволтаични електрани, односно електроцентралите од обновливи извори на енергија (фотонапонски панели) не претставуваат значителни извори на емисии, кои можат да го нарушат квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. Добиената енергија од обновливи извори има позитивно влијание врз квалитетот на животната средина и обезбедување на одржлив развој.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Министер

Благој Бочварски

Бр.67-584/15

14.07.2023 година

Скопје